Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 22.07.2020

На 21.07.2020 во 20.15 часот на ул.„Скупи", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Т.(20) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.07.2020 околу 18.30 часот во с.Долно Чарлија, битолско, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода С.Т.(48) и О.Т.(44), бидејќи по претходна расправија, со нож му нанеле убодна рана на М.Н.(39), кој бил пренесен во Клиничка болница Битола, каде му биле констатирани телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.07.2020 околу 10.15 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека во с.Марена, кавадаречко, Р.С.(35) од с.Росоман, управувајќи камион-кипер, го закачил жиците од далноводот, при што настанал електричен удар, а Р.С. починал на местото. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 21.07.2020 во 13.25 часот на регионален пат Макази - Маркова НоГа, на крстосница за с.Долна Бела Црква, ресенско, се случила сообраќајна незгода помеѓу трактор „ИМТ 533", без регистарски ознаки, управуван од Ж.И.(78) од с.Курбиново, ресенско, и мотоцикл „БМВ 1200", со битолски регистарски ознаки, управуван од А.О.(36) од Битола. По незгодата, мотоциклистот был пренесен во Клиничка болница Битола, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот был известен Јавен обвинител, а увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициско одделение Ресен.

На 21.07.2020 во 11.05 часот било пријавено дека на регионален пат с.Крупиште - Пробиштип, на крстосница за населба „Ванчо Прке", патничко возило „ауди Q8", со германски национални ознаки, управувано од З.Т.(49) од Кочани се излизало во канал покрај патот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила Д.Т.(47) од Кочани, сопатничка во возилото. За настанот был известен Јавен обвинител, а увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Штип.

На 21.07.2020 во 11.00 часот локален пат од с.Добрејци кон с.Пиперево, струмичко, поточно на мост на река Струмица, патничко возило „лада", без регистарски ознаки, управувано од 17-годишна малолетничка, изгубило контрола и излетало од коловозот во р.Струмица. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Медицински центар Струмица, каде што била пренесена за укажување лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа на Полициска станица Струмица.

Во текот на 21.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се две возила бидејќи биле нерегистрирани, еден возач поради неправилно престигнување и еден возач поради непочитување на првенство на минување, а 40 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 21.07.2020 околу 11.30 часот во СВР Тетово била приведена Л.Е.(46) од Кукс, Република Албанија, поради сомнение дека непријавено престојувала на подрачјето. По приведувањето, Л.Е. била предадена во Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Гостивар за натамошна постапка.

СВР Тетово на 21.07.2020 спроведе активности при што биле санкционирани и подигнати 15 непрописно паркирани возила, најмногу во зона на крстосници и во т.н. двоен ред. При овие контролни активности откриени се и три лица кои си управувале возилата без положен возачки испит, две возила со истекена регистрација и други видови сообраќајни прекршоци, за кои биле изготвени соодветни поднесоци.

На 21.07.2020 во 23.20 часот на регионалниот пат на крстосницата „20-ти километар" кон Неготино се случила сообраќајна незгода помеѓу непознато моторно возило и патничко возило „форд фиеста", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Д.(67) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот М..Д.(36), додека сопатниците С.Д.(34) и И.В.(40), сите од Скопје, се здобиле со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на СВР Штип.

На 22.07.2020 во Полициската станица Штип был приведен И.Д.(26) од Штип, затоа што во 01.25 часот на ул.„Вардарска" во Штип, во алкохолизирана состојба, агресивно се однесувал кон полициските службеници. По целосно документирање на случајот против И.Д. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.07.2020 година во СВР Охрид, од страна на Планинарската спасителна служба при Црвениот крст пријавен е повреден работник во шумскиот појас над охридското село Опеница. При извршен увид на местото на настанот од полициски службеници и инспектор за безбедност при работа, констатирано е дека Н.Р.(30) од Охрид, вработен во овластена фирма за сечење на дрва со седиште во селото Лесковец, при сеча на шума го повредил Б.И.(42) од Охрид, вработен во истата фирма. По целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2020 во 14.30 часот пријавено е дека во својата работна канцеларија, началникот на СВР Струмица, В.Т., додека го чистел службениот пиштол, од невнимание испукал еден куршум во долниот дел помеѓу паркетот и јајсната. За време на настанот, тој был сам во канцеларијата. Нема повредени лица. Известен е Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди за расчистување на случајот.

На 22.07.2020 во 03.57 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„5" с.Батинци, скопско, било опожарено патничко возило „мерцедес", со гевгелески регистарски ознаки, сопственост на фирма, а паркирано од Х.К.(22). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.07.2020 во 10.40 часот во СВР Скопје, Б.П.(68) од Скопје пријавил дека во 10.00 часот на крстосница од ул.„11 Октомври" и ул.„Филип Втори Македонски" бил удрен од возило, управувано од Д.С.(56) од Скопје, кој потоа излегол од возилото и физички го нападнал пријавителот. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.07.2020 околу 02.30 часот пред угостителски објект на ул.„Кеј 13 Ноември", од полициски службеници од СВР Скопје биле приведени К.П.(22) од с.Сопиште, скопско и Е.Н.(24) од Скопје, бидејќи го нарушиле јавниот ред и мир со викање и расправање, по што околу 02.40 часот дошол Х.В.(23) од Скопје, кој го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеник. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.07.2020 во 18.30 часот во СВР Скопје, 31 - годишна жена од Скопје пријавила дека на 19.07.2020 околу 18.30 часот нејзината малолетна ќерка била допирана и бакнувана од Џ.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.07.2020 во 13.20 часот во СВР Скопје, А.Џ.(26) од Скопје пријавил дека околу 12.00 часот во угостителски објект на ул.„Кумбура" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 22.56 во СВР Скопје, М.Џ.(29) од Скопје пријавила дека околу 21.00 часот, додека била заедно со нејзиниот син пред угостителски објект на ул.„23 Октомври" во Скопје, пристигнал нејзиниот сопруг Ф.З.(28) од Скопје и физички ја нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.07.2020 во 18.13 часот во СВР Скопје, Ј.А. пријавил дека во близина на бензинска пумпа на автопат Велес-Скопје, кај клучка Идризово кон Скопје, настанал пожар при што било опожарено товарно возило, управувано од Ј.С.(33) од Неготино. Пожарот был изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. На местото на настанот излегле полициски службеници од СВР Скопје.

На 22.07.2020 во 00.10 часот во СВР Скопје, М.Ш.(42) од с.Љуботен, скопско, пријавил дека од семејниот дом во с.Љуботен се оддалечила неговата ќерка А.М.(14). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против О.М.(59) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност". На 03.07.2020 во дворот на детската градинка во Пехчево, куќе сопственост на пријавениот, кое не било врзано и немало заштитна корпа, нападнало 12-годишно девојче од Скопје и й нанело повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Н.А. (37) од с.Дабиле, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 10.04.2020 на место викано „Аговски колиби", с.Ратево, додека пријавениот работел на неговата нива, запалил гранки при што настанал пожар кој се проширил и зафатил површина од околу 200 хектари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(33) од Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 04.07.2020 во угостителски објект на ул.„Александар Македонски" во Македонска Каменица пријавениот со употреба на сила и закана спречил вработени во Управа за јавни приходи во вршење службени дејствија.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Љ.К.(60) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, како директор на ЈКП „Пролетер" од Ресен, ја злоупотребил својата службена положба и овластување на начин што не ја спровел одлуката на Управниот одбор и не прибрал понуди за продажба на неискористени и дотраени подвижни ствари, сопственост на фирмата, туку ги продал на дел од работните во фирмата. На 21.04.2017, спротивно на статутот на ЈКП, донел и потпишал одлука тој и уште уште двајца вработени во фирмата да патуваат во странство од 23 до 30.04.2017, со што значително го оштетил буџетот на ЈКП „Пролетер" од Ресен.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против Н.Л. (35) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и трговање со оружје или распрскувачки материи". На 12.09.2019 на ул.„Зелен пазар" во Кавадарци, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол ,,валтер" со празна рамка за кој не поседувал дозвола, марихуана и метален „грендер".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против А.М.(19) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.07.2020 во 02.30 часот пред угостителски објект на ул.„8 Септември" во Дебар, полициски службеници го затекнале пријавениот и покрај тоа што бил на списокот за самоизолација, со што не го почитувал решението од Центарот за јавно здравје, со кое му се одредува мерка здравствен надзор и самоизолација во домашни услови во времетраење од 14 дена.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Ј.(35) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „лажно претставување" и „непоступување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавениот, на 30.03.2020 околу 21.00 часот, за време на забрана на движење од 21.00 до 05.00 часот на територија на Р.С. Македонија, во два наврати был на бензинска пумпа во Куманово, каде зел неколку предмети во обид да ги украде. Тој бил забележан од вработените, но по нивна реакција при излегување лажно се претставил како полициски службеник.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет